This project is funded by
the European Union

UNDP 50 YEARS
Empowered lives. Resilient nations.



# ПРАКТИЧЕН ИНСТРУМЕНТ

## ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО РЕГУЛАТИВАТА И ПОЛИТИКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

SEESAC

Југоисточна и Источноевропска клириншка куќа за контрола на мало и лесно оружје (СЕЕСАЦ) има мандат од Програмата за развој на Обединетите нации и Советот за регионална соработка да ги поддржува сите меѓународни и национални чинители преку зајакнување на националниот и регионалниот капацитет за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесното оружје, и на тој начин да придонесе кон зајакнување на стабилноста, безбедноста и развојот во Југоисточна и Источна Европа. СЕЕСАЦ ја спроведува EU COUNCIL DECISION 2013/730/CFSP во поддршка на активностите на СЕЕСАЦ за разоружување и контрола на оружјето во Југоисточна Европа. Изработката на овој извештај доби голема поддршка од Европската Унија преку споменатата Одлука на Советот.

За повеќе информации обратете се кај:
Координатор на СЕЕСАЦ
Булевар Зоран Ђинђич 64, 11070 Белград / СРБИЈА
Телефон: +381 (11) 4155 300
Факс: +381 (11) 4155 499
Е-пошта: seesac@undp.org
www.seesac.org

© SEESAC 2016 – Сите права се задржани

Оваа алатка ја изработи Драган Божанич. Ставовите изразени во овој извештај се на авторите и не ги изразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка и Европската Унија. Искористените именувања и презентираните материјали во оваа публикација не ги пренесуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка и Европската Унија во врска со 1) правниот статус на која било земја, територија или област, или нејзината власт или вооружени групи; и 2) разграничувањето на нејзините територии и граници.

# БЛАГОДАРНОСТ

Сакаме да им изразиме благодарност на следниве поединци за вредните коментари на нацртите на оваа алатка:

Проф. Д-р Ерика Боувен, AFBPsS
Лиценциран психолог и регистриран форензички психолог, професор по превенција на насилство и злоупотреба
Национален центар за проучување и превенција на насилството и злоупотребата, Универзитет на Ворчестер

Вања Мацанович, адвокат
Автономен центар за жени

Билјана Настовска
Специјалист за родови прашања – УНДП пјр Македонија

Со својот придонес и коментари на алатката придонесоа и следнве членови на тимот на СЕЕСАЦ: Д-р. Иван Звержхановски, Бојана Балон, Данијела Ђурович, Јулијана Бузи, Слободан Бошкович, Алан Е. Лапон, Виолета Гаши и Франческо Бускеми.

# ПРАКТИЧЕН **ИНСТРУМЕНТ**

## ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО РЕГУЛАТИВАТА И ПОЛИТИКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

# СОДРЖИНА

ВОВЕД 5

Главните родови прашања поврзани со МЛО во ЈИЕ 6

Одговор низ законите и политиките во Југоисточна Европа 8

ИНСТРУМЕНТОТ 10

**ЧЕКОР 1**
Проверете дали има консензус помеѓу креаторите на политиките за важноста на родовата перспектива во контекст на контролата на МЛО 11

**ЧЕКОР 2**
Направете преглед на положбата на жените и мажите во однос на МЛО – Соберете родово расчленети податоци 13

**ЧЕКОР 3**
Идентификувајте ги моделите и аспектите – родова анализа 17

**ЧЕКОР 4**
Работете на идентификуваните родови модели – Одговорете на нив 21

**ЧЕКОР 5**
Следете го процесот – Мониторинг и евалуација 23

# ВОВЕД

*Овој инструмент е изработен како додаток на студијата Родот и контролата на МЛО: Главните проблеми и одговорот на политиките во Југоисточна Европа за поддршка на операционализацијата на препораките и за полесно воведување на родовата перспектива во креирањето и спроведувањето на политиките за контрола на МЛО. Осмислен е како едноставно и лесно за користење помагало за креаторите на политиките.*

# ГЛАВНИТЕ РОДОВИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО МЛО[1] ВО ЈИЕ

Анализата на достапните родово расчленети податоци и увидот во постојната литература потврдија дека доминантните родови модели имаат важна улога во обликувањето на и влијаат врз денешните практики за МЛО и ефектите од употребата и злоупотребата на МЛО.

На пример:

- Мажите се во апсолутно мнозинство и меѓу сторителите (над 97%) и меѓу жртвите на инциденти со огнено оружје (над 80%).
- Жените се многу ретко сторители на такви инциденти (1-3 проценти од случаите), но се многу почесто застапени меѓу жртвите (од 9 до 22 проценти).

СЛИКА 1: **Сторители на инциденти со оружје, според пол, 2011-2015**




Извор: База на податоци на СЕЕСАЦ (Забелешка: Податоци за Албанија се обезбедени само за 2015)

1 МЛО е кратенка за „мало и лесно оружје".

* Референците за Косово треба да се разберат во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност.

СЛИКА 2: **Жртви на убиство со умисла во инциденти со огнено оружје, според пол**




- Присуството на огнено оружје во инцидентите со семејно насилство многу повеќе ги засега жените отколку мажите. Убиство од страна на интимен партнер е најчестата форма на убиство на жени, но претставува само мал дел од вкупниот број убиства направени од мажи.

СЛИКА 3: **Соодност на убиства на интимни партнери во вкупните убиства, според пол**




СЛИКА 4: **Соодност на фемицидот на интимни партнери со огнено оружје во вкупниот број убиства на интимни партнери**




Извор: База на податоци на СЕЕСАЦ

- Во поглед на поседувањето оружје, мажите доминираат со над 95% и овој родов модел на побарувачка за огнено оружје е непроменет подолго време.
- Во сите општества на Југоисточна Европа младите мажи се несразмерно повеќе застапени и меѓу сторителите и меѓу жртвите.

СЛИКА 5: **Поседување оружје, според пол**




Извор: САС 2014 за Молдавија, Црна Гора и Србија, Базата на податоци на СЕЕСАЦ за Босна и Херцеговина, и Албанија. За Косово* не се достапни родово расчленети податоци.

- Жените се склони да имаат понегативен став кон МОЛ и многу женски организации настојчиво се залагаат за построга контрола на МОЛ.
- Жените сè уште се недоволно застапени во процесот на креирање на политиките и во институциите задолжени за контрола на МОЛ.

## Одговор низ законите и политиките во Југоисточна Европа

- И покрај силно родово изразените димензии на МОЛ, политиките со кои се уредува контролата на МОЛ во ЈИЕ не ги третираат родовите аспекти на начин што соодветствува на размерите на проблемот. Кога се прават обиди постојната родова проблематика да се опфати во законодавството, третирањето на овие прашања е само спорадично и фрагментирано, првенствено во областа на семејното насилство, преку прописите за поседување оружје од страна на цивили.
- Во законите за огнено оружје во ЈИЕ постигнат е значителен напредок преку усвојување на повеќе законски одредби со кои се уредува цивилното поседување на огнено оружје и неговото поврзување со домашното насилство. Овие одредби за ограничување на пристапот до огнено оружје или за отстранување на оружјето ако дојде до семејно насилство се присутни во речиси сите закони за огнено оружје во регионот. Ова прашање се уредува и со други закони, какви што се законите против домашно насилство,

* Референците за Косово треба да се разберат во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност.

законите за кривична постапка и законите за полициското работење, иако тие не секогаш се нужно кохерентни.

- Но, и покрај скорешните промени во законодавството, високиот процент жени убиени со огнено оружје во домашен/семеен контекст во Југоисточна Европа и натаму останува непроменет. Овие бројки укажуваат на потребата од темелно преоценување на реалното спроведување на законската рамка со која се уредува цивилното поседување на оружје, како и за утврдување на дупките во законите, што ќе послужи како појдовна точка за идните законодавни реформи.
- Поновите студии за делотворноста на одговорот на институциите врз семејното насилство укажуваат на силата на родовите норми и последователните нееднаквости кои ги јакнат стереотипите и влијаат врз спроведувањето на законот во практиката.
- Во поглед на законодавниот одговор на злоупотребата на огнено оружје при незаконско поседување во контекст на семејното насилство, покрај постојните мерки (каква што е легалзиацијата треба да се изработат нови и иноватинви решенија, за овој проблем да се решава поделотворно.
- Кај рамкиите на политики (стратегии за контрола на МОЛ и придружни акциски планови), преовладува тенденцијата главните аспекти на родовата политика да не се препознаваат како важни прашања на политиките што треба соодветно да се решаваат. Ова значи дека родот е значително запоставен при одредувањето на приоритетите во агендите на политиките за МОЛ.
- Само во исклучоци има официјална посветеност на родовата еднаквост и интеграцијата на родовата перспектива, но дури и тогаш тоа не е артикулирано со системски приод.
- Недостигот на родово расчленети податоци или сеопфатно истражување на поврзаноста на родот и МОЛ останува фактор на попречување на развојот на родово одговорни политики за МОЛ и придонесува за недоволно согледување на проблемот.
- Отсуството на родова анализа во процесот на креирање на политиките дополнително ги прави невидливи родовите аспекти поврзани со МОЛ, па оттаму и нешто што не е предмет или само спорадично е предмет на интервенција со политики.
- Недоволното согледување на родовите разлики во поглед на поседувањето, употребата и злоупотребата на огнено оружје, и различните ефекти од огненото оружје врз жените и мажите, е во силен контраст со ефектите на МЛО кои се изразено родово одредени.
- Конечниот исход на овој пристап е дека регулативата што се однесува на МЛО и стратешките рамки ги превидуваат родово диференцираните безбедносни аспекти и потреби на жените и мажите и со тоа ја намалуваат сложеноста на проблемот со политиките. Со тоа, тие тргнуваат од претпоставката дека потребите за безбедност се заеднички за сите граѓани и дека може да се решаваат на ист начин без оглед на родот, возраста, расата и т.н. Ова ја отсликува претпоставката дека реализацијата на планирани мерки и интервенции ќе доведе до зголемена безбедност на сите граѓани.

# ИНСТРУМЕНТОТ

Врз основа на наодите наведени понапред, СЕЕСАЦ создаде практичен инструмент чија цел е да ја олесни интеграцијата на родовата перспектива во рамките на законите и политиките за МЛО и да помогне да се надминат воочените предизвици.

Овој инструмент е првенствено наменет за членовите на Комисиите за МЛО на кои им е дадена задачата да изградат мерки за контрола на МЛО, како и стратегии за контрола на МЛО и акциски планови. Комисиите за МЛО имаат, исто така, задача да го идентификуваат, следат и оценат ефектот од МЛО врз општеството, безбедноста и сигурноста на луѓето и врз економскиот и социјалниот развој, што треба да послужи како основа за развој на политиките. И конечно, Комисиите се одговорни за мониторирање и евалуација на преземените мерки.

Целта на овој инструмент е да им се помогне на креаторите на политиките подобро да ги идентификуваат и решаваат родовите ризици поврзани со МЛО, и притоа да ги намалат негативните ефекти од ширењето на МЛО како за жените така и за мажите, и за девојчињата и момчињата, што ќе доведе до создавање на иновативни решенија во политиките. Ова ќе ја зголеми делотворноста на политиките и на законодавството за МЛО, што ќе резултира со опипливи подобрувања во безбедноста на сите граѓани, жени, мажи, девојчиња и момчиња.

Предложениот инструмент користи широка комбинација на методологии и пристапи и се потпира врз некои од проверените практики во интеграцијата на родовата перспектива во јавните политики (JämStöd, 2007). Тој, исто така, користи повеќе алатки какви што се листи за проверка, водичи за собирање податоци и методологии за родова анализа како Методот 4R (ibid., стр 47, УНДП, 2008). Подеднакво важно е дека се темели врз искуството од работата со Комисиите за МЛО во ЈИЕ и врз увидот во предизвиците со кои тие се соочуваат во креирањето политики базирани на докази.

На интеграцијата на родовата перспектива, за таа да биде одржлива, мора да и се пристапи стратешки и земајќи ги предвид долгорочните ефекти. Таа мора да биде суштински дел на редовното планирање и формулирањето на политиките, да го насочува нивното секојдневно спроведување, да биде делотворно мониторирана и да се евалуираат ефектите и користа од неа за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Наодите од евалуацијата потоа ќе придонесат за нов циклус политики, поплочувајќи го патот за подобри и поделотворни политики.

Преземањето на подолу наведените конкретни чекори ќе го олесни преминот од обврската да се обезбеди родова еднаквост кон практични мерки:

# **ЧЕКОР 1:** ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ ИМА КОНСЕНЗУС ПОМЕЃУ КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ВАЖНОСТА НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО КОНТЕКСТ НА КОНТРОЛАТА НА МЛО

Ова е појдовната точка за работа на полето на родовата еднаквост. За да се обезбеди делотворно и одржливо интегрирање на родовата перспектива во контролата на МЛО, треба да се исполнети некои предуслови.

## 1. Заедничко разбирање – Родова обука

Заедничкото разбирање на улогата што ја има родот во обликувањето на однесувањето поврзано со МЛО, практиките и специфичните ризици за жените и мажите, е основен предуслов за делотворна и одржлива интеграција на родовата перспектива во контролната рамка на МЛО. Затоа е неопходно да се обезбеди сите вклучени чинители да го споделуваат ова знаење и да имаат добиено обука за родовата еднаквост, интеграцијата на родовата перспектива, родовата анализа, семејното насилство, законите и стратегиите за родова еднаквост и за поврзаноста помеѓу родот и МЛО.

## 2. Важноста на родовата еднаквост за контролата на МЛО

Интегрирањето на родовата перспектива во контролата на МЛО не е едноставно броење на жени и мажи, девојчиња и момчиња, туку користење на родово расчленети податоци за да се препознаат и да се одговори на родово поврзаните опасности со кои се соочуваат жените и мажите во однос на МЛО. Интегрирањето на родовата перспектива во сите циклуси на контролата и управувањето со МЛО го зголемува разбирањето на сложеноста на проблемот и, оттаму, овозможува создавање на посоодветни и поделотворни политики за контрола на МЛО, поприспособени кон непосредните предизвици.

### 3. Засегнати страни и учество

Вклучувањето на институциите за родова еднаквост, организациите на жените и експертите за родова проблематика ќе ја олесни интеграцијата на родовата перспектива и ќе ја осигури кредибилноста на проектот. Тоа ќе значи спојување на повеќе разновидни перспективи, ќе го прошири опфатот на темите со кои ќе се зафатат политиките, и ќе осигури политиките да бидат подготвувани со стручност.

### 4. Формално обврзување

Треба да постои формално обврзување на родова еднаквост во работата со МЛО. Ова може да се постигне со вклучување на изјава за тоа како родовата перспектива ќе се третира во стратешкиот документ и во акцискиот план.

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ:

- Да се организираат обуки за родовата еднаквост, родовите аспекти во контролата на МЛО, родовата анализа, интеграцијата на родовата перспектива (види обука на СЕЕСАЦ), насилството врз жените, насилство од интимен партнер и семејното насилство;
- Да се запознаат засегнатите страни со законите и политиките за родова еднаквост, како и со меѓународните стандарди и преземени обврски;
- Размена на искуствата со колеги од други земји и територии кои веќе почнале да работат во оваа област;
- Да се идентификуваат потребите за натамошно унапредување на работата: каков вид поддршка е потребен за поделотворно да се интегрира родовата перспектива / за да се има јасна слика за важноста на родот за работата/барање стручни совети;
- Во развивањето на политиките да се вклучат претставници на механизмите за родова еднаквост, женски невладини организации и практичари кои се занимаваат со родовата перспектива;
- Да се осигури избалансирана застапеност на жените и мажите во процесот на креирање на политиките. Ова да се дефинира во деловниците.

# **ЧЕКОР 2:** НАПРАВЕТЕ ПРЕГЛЕД НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОДНОС НА МЛО – СОБЕРЕТЕ РОДОВО РАСЧЛЕНЕТИ ПОДАТОЦИ

Родово расчленетите податоци се предуслов за разбирањето на поврзаноста меѓу родот и контролата на МЛО и е основа за осмислувањето на родово одговорни политики базирани на докази. Ако нема достапни родови податоци, родовите аспекти ќе бидат невидливи, со што се оневозможува соодветно разбирање на проблемот. Без информации за посебните ризици со кои се соочуваат жените и мажите во однос на МЛО не може да се предвидат разликите во нивните потреби за безбедност, кои инаку мора да се опфатат. Недостигот на податоци го попречува развојот на родово одговорни политики и негативно ќе влијае врз одговорот што ќе го понудат политиките базирани на докази. Редовното собирање податоци е од суштинска важност затоа што трендовите стануваат видливи само со текот на времето, низ долгорочна перспектива.

## Кои податоци да се собираат?

Главните цели на политиките наведени во воведот може да послужат како појдовна точка при решавањето кои родово расчленети податоци да се собираат. Тие, исто така, ќе помогнат да се идентификува степенот на проблемот и кои аспекти се најважни за дадениот контекст. Увидот добиен од овие информации треба да послужи за започнување дискусии (види Чекор 3) што ќе дадат насоки за натамошното собирање податоци.

Утврдувањето кои податоци се веќе родово расчленети, а кои податоци што се дел од редовното бележење на податоци би можеле да бидат родово расчленети, треба да ја претставува појдовната точка за собирање податоци. На пример, сите податоци за жртвите и сторителите на инциденти поврзани со огнено оружје, сопствениците на огнено оружје, лицата со дозвола да купат/носат огнено оружје, и други релевантни податоци, треба доследно да се разделуваат според родот.

ПРИМЕР 1: **Листата со податоци што треба да се соберат би можела да ги содржи следниве информации:**

| | 2015 | | 2014 | | 2013 | | 2012 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| Сторители на инциденти со огнено оружје[1] | | | | | | | | | | |
| Жртви на убиство со умисла | | | | | | | | | | |
| Жртви на убиство со умисла во инциденти со огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Сопственици на огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Број на издадени дозволи за набавка на огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Број на лица убиени од нивниот интимен партнер[2] | | | | | | | | | | |
| Број на лица убиени од нивниот интимен партнер со употреба на огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Број на лица убиени од нивниот интимен партнер со употреба на законски поседувано огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Број на лица убиени од нивниот интимен партнер со употреба на незаконски поседувано огнено оружје | | | | | | | | | | |
| Број на лица кои предале МЛО во тек на кампањите за собирање | | | | | | | | | | |

1 Инцидент опфаќа следно: убиство, тешко убиство, убиство во обид, самоубиство, обид на самоубиство, пукање на јавно место, недозволено поседување, држење на оружје и експлозивни средства, предизвикување на општа опасност, насилство во семејство.

2 Интимен партнер се однесува на: сопруг/сопруга, бивш сопруг/бивша сопруга, невенчан партнер/партнерка, бивш невенчан партнер/партнерка, момче/девојка, бившо момче/девојка.

За целосно да се сфатат родовите аспекти на контролата на МЛО, неопходно е и да се разбере како родот се вкрстува со другите демографски карактеристики какви што се возраста, расата, националноста, попреченостите, местото на живеење (град/село).

Подолу дадената табела прикажува пример на податоци расчленети и според пол и според возраст.

ПРИМЕР 2: **Податоци за пол и возраст**

| Сторители на инциденти со огнено оружје, според пол и возраст | | |
|---|---|---|
| 15-29 | | |
| 30-44 | | |
| 45-60 | | |
| 60+ | | |

| Жртви на инциденти со огнено оружје, според пол и возраст | | |
|---|---|---|
| 15-29 | | |
| 30-44 | | |
| 45-60 | | |
| 60+ | | |

Во некои случаи може да се користат податоци кои не се однесуваат директно за жени и мажи, но се однесуваат на родово-поврзани проблеми какви што се насилството врз жените, насилство од интимен партнер и семејното насилство. На пример, таквите информации може да содржат податоци за законскиот одговор на семејното насилство, какви што се бројот барања за дозволи што се одбиени поради причини поврзани со семејно насилство, како што е прикажано во Примерот 3.

ПРИМЕР 3: **Број на барања одбиени поради причини поврзани со семејно насилство**

| | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на одбиени барања за набавка на огнено оружје | | | | | |
| Број на барања одбиени поради причини поврзани со семејно насилство | | | | | |

Во повеќето акциски планови за реализација на стратегиите за контрола на МЛО се предвидуваат студии за ефектот на МЛО врз општеството. Ова е добра можност да се премости јазот помеѓу собирањето податоци и влезната точка во интеграцијата на родовата перспектива. Затоа, сите податоци мора да се разделат според родот.

Во текот на собирањето на податоците важно е да се утврди не само кои податоци се достапни, туку и кои податоци недостасуваат, да се утврдат причините зошто недостасуваат и како може да се реши тој проблем. За ова треба да се разговара на средбите на Комисијата за МЛО со други членови на Комисии за МЛО и други чинители вклучени во процесот.

*Понекогаш, релевантните податоци не се дел од практиките за редовно собирање податоци; затоа, подеднакво е важно да се користат податоци од други извори, на пример од Канцеларијата на ОН за droги и криминал, УНДП, Светската здравствена организација; Анкета за лесно оружје, ДЦАФ, Заводи за статистика, Базата на податоци за знаења на СЕЕАСАЦ, и други.*

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ:

- Да се дефинира кои податоци поврзани со родот треба да се собираат;
- Да се утврдат изворите на информации и да се соберат податоци за жртвите и сторителите на инциденти со огнено оружје, за сопствениците на оружје, итн. расчленети според родот. Да се користат и други извори на родово расчленети податоци (бази на податоци и извештаи на државни институции, меѓународни организации, организации на граѓанското општество, итн.);
- Да се утврдат потребите во достапноста на податоците, да се разговара за предизвиците на кои се наидува и да се направи план за нивно надминување;
- Да се организира обука за родовата перспектива за лицата што работат на собирањето податоци.

# **ЧЕКОР 3:** ИДЕНТИФИКУВАЈТЕ ГИ МОДЕЛИТЕ И АСПЕКТИТЕ – РОДОВА АНАЛИЗА

Вклучете ги собраните податоци во анализата на состојбата и водете сметка тие да ги обликуваат заклучоците: истражете ја врската помеѓу родовите разлики и проблемите во контролата на МЛО и идентификувајте ги специфичните родово поврзани ризици и предизвици.

Веќе се изработени и лесно достапни повеќе инструменти и алатки за практични методи, на пример прирачници, листи за проверка и упатства за родова анализа[2]. Предуслов за длабинска анализа на родовата еднаквост е темелното разбирање на родовите режими и родовите односи помеѓу жените и мажите. И повторно, вклученоста на стручњаци за родовата проблематика, женските организации и на механизми за родова еднаквост во проектот ќе го олесни процесот и ќе помогне соодветно да им се пристапи на предизвиците и да се скројат соодветни решенија за постојните предизвици, обезбедувајќи ограничените ресурси да се искористат на најдобар можен начин.

Оваа фаза се состои од два заемно поврзани чекори. Првиот чекор, заснован врз родово расчленети податоци, се обидува да ги идентификува главните родови модели и да одговори на прашањето:

### а. Каков вид родови модели гледаме?

Собирањето родово расчленети податоци ќе овозможи идентификација на доминантните родови модели.  Родовите модели треба отворено да се формулираат.

2 УНДП, 2007. Интеграција на родовата перспектива во практиката, Инструменти Братислава: UNDP Regional Bureau for Europe and the Commonwealth of Independent States; JämStöd 2007. *Gender Mainstreaming Manual (Прирачник за интеграција на родовата перспектива). A Book of Practical Methods from the Swedish Gender Mainstreaming Support Committee (Прирачник со практични методи од Шведскиот комитет за поддршка на интеграција на родовата перспектива).* Стокхолм: Официјални извештаи од шведската влада; УНДП. 2001. Родот во развојаната програма. Пакет за учење и информации: Родова анализа. Њујорк: Центар за ресурси за учење на УНДП;

На пример:

- Мажите се апсолутно мнозинство меѓу сторителите во инциденти со огнено оружје.
- Мажите се мнозинство меѓу жртвите во инциденти со огнено оружје.
- Мажите се речиси исклучиво сопственицbackground ите на огнено оружје.
- Жените речиси никогаш не се сторители во инциденти со огнено оружје.
- Има повеќе жени жртви отколку жени сторители во инциденти со огнено оружје.
- Жените се изложени на поголем ризик да бидат убиени од интимниот партнер во домот отколку мажите.
- Младите мажи се во мнозинство меѓу сторителите и жртвите на вооружено насилство.
- Одобрувањето дозволи за поседување огнено оружје речиси никогаш не се одбива врз основа на семејно насилство.

Жените се помалку застапени во комисиите за контрола на МЛО.

По овој чекор станува јасно дека има бројни родово поврзани прашања за контролата на МЛО што треба соодветно да се третираат.

## 6. Зошто ги имаме овие родови модели?

Вториот чекор е размислување за идентификуваните модели, дискусија за тие модели и обиди да се утврдат причините за нив, во суштина поставување на прашањето: зошто е така? Во оваа фаза може да се идентификуваат потребите за дополнително истражување.

---

ПРИМЕР 1: **Родов модел: *Одобрувањето дозволи за поседување огнено оружје речиси никогаш не се одбива врз основа на семејно насилство.***

---

### Зошто е така?

Во каков сооднос е ова со големата распространетост на семејно насилство? Дали законот забранува одобрување ако дадено лице е идентификувано како лице кое го врши кривичното дело семејно насилство? Дали соодветно се проверува минатото на барателите? Дали одговорните полициски службеници поминале соодветни обуки? Дали е направен преглед на случаи на семејно насилство со фатален крај? Каква била состојбата со огненото оружје?

Податоците што ги собра СЕЕСАЦ во соработка со комисиите за МЛО во ЈИЕ укажуваат дека се ретки повикувањата на семејното насилство како основа за забрана на поседувањето дозвола за огнено оружје. На пример, во Босна и Херцеговина, во периодот од 2011 до 2015 г., само 3,3 проценти од вкупниот број причини за одбивање да се издаде дозвола биле поврзани со семејно насилство. Во Црна Гора, во истиот период, немало случаи во кои било забрането да се издаде дозвола

поради семејно насилство. Фактот што семејното насилство сочинува само мал дел од причините за одбивање на барањата за дозвола за огнено оружје може да е индикативен и секако бара натамошно истражување и конечно ревизија на постојната регулатива и практики. Истовремено, итно е потребно да се обезбеди подлабок увид во целокупната структура на најчестите причини за забрана за издавање дозвола за огнено оружје.

Вклучувањето на родова експертиза ќе биде од клучна важност за идентификувањето на основните причини коишто треба да се опфатат во политиките и ќе осигури решението да одговара на проблемот, ограничените ресурси да бидат искористени на најдобар можен начин и да се зголеми делотворноста на работата врз контролата на МЛО.

ПРИМЕР 2: **Родов модел: *Младите мажи се мнозинство меѓу сторителите и жртвите на вооружено насилство.***

## Зошто е така?

**Во оваа фаза е најважно да се поставуваат прашања**. Дали се достапни некои дополнителни податоци за младите мажи кои извршиле насилство со огнено оружје? Во каков тип насилство бил извршен инцидентот (криминално, организиран криминал, младински банди, насилство во училиште, семејно насилство, насилство од страна на интимен партнер, итн)? Дали се достапни податоци за нивниот социо-економски статус? Дали е присутна некаква културна условеност (култура на поседување огнено оружје) што влијае врз младите луѓе да прибегнат кон насилство со огнено оружје? Каде се доказите за таквата култура? Дали се преземени некои превентивни мерки?

Студиите покажуваат дека насилството со употреба на мало оружје младите често го сметаат како средство за стекнување на општествен и економски статус каков што мислат дека заслужуваат. Затоа, малото оружје може да биде особено привлечно за младите мажи кои често го поврзуваат оружјето со лична гордост, машкост и подобрен општествен статус, што може да биде „силен симбол на моќ за маргинализираните млади мажи“ (Bevan and Florquin, 2006).

Оскудните податоци исто така укажуваат дека во извесни контексти огненото оружје може да има своја улога во церемонијални обреди. На пример, истражувањето што го спровела  невладината организација Балканска младинска унија во Белград покажа дека има забележителна несразмерност во искуството со огнено оружје кај момчињата и девојчињата: 29 отсто од момчињата и 48 отсто од девојчињата изјавиле дека никогаш немале огнено оружје во рака(САЦИСГ, 2005). Овој податок

укажува дека младите мажи се поизложени на МЛО што треба да се земе предвид при планирањето на мерките во одговор на оваа состојба. На некои географски локации, на пример во северна Албанија и во Црна Гора, огненото оружје е исто така дел од церемонијалните обреди, но податоците се скудни. Една студија за културата на поседување огнено оружје донесе анегдотски докази за улогата на малото оружје во случајот на млади престапници, особено во смисла на моќ, зашто тие пиштолот го гледаат како инструмент за „одржување на својот статус како луѓе од кои треба да се стравува и кои не треба да се закачаат" (СЕЕСАЦ, 2007). Во оваа смисла треба да се земе предвид и улогата на медиумите во поддршка на однесувањето што се карактеризира со преземање ризици, како и другите фактори што помагаат да се репродуцираат преовладувачките родови режими. Од аспект на одговорот на политиките на овој проблем, неодамна беа објавени извештаи (Abt and Winship, 2016) што овозможуваат следење на новите практики за намалување на насилствата поврзани со огнено оружје меѓу младите мажи што произлегуваат од резултатите на одредени програми.

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ:

- Врз основа на собраните податоци, да се идентификуваат родовите модели и да се формулираат опсервациите;
- Да се поведе дискусија за овие модели на средбите на Комисијата за МЛО;
- Да се осигури консултација на стручњаци за родова перспектива. Нивното учество е од клучна важност за идентификување на проблемите;
- Да се консултираат постојните анализи и извештаи.

# **ЧЕКОР 4:** РАБОТЕТЕ НА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ РОДОВИ МОДЕЛИ – ОДГОВОРЕТЕ НА НИВ

Во овој чекор е потребно да се осмисли одговор на воочените родово поврзани проблеми во рамки на политиките:

- Треба да се поставaт родово одговорни крајни и конкретни цели;
- Треба да се развијат практични и иновативни мерки засновани врз родово расчленети податоци за да се опфатат родовите аспекти на МЛО;
- Треба да се испланираат активности што ги задоволуваат потребите за безбедност на жените и на мажите и да се испитаат ризиците со кои тие се соочуваат.

**Клучни прашања:** Што можат да направат Комисиите за МЛО за да ги разгледаат овие прашања во текот на својот мандат? Што може да се направи преку стратегиите за контрола на МЛО и законодавството а да биде во согласност со наодите од претходниот чекор? Како е поврзана работата на Комисиите за МЛО со воочените модели? Користете ги овие прашања при изработката на вашите предлози за дејствување.

---

ПРИМЕР 1: ***Одобрувањето дозволи за поседување огнено оружје речиси никогаш не се одбива врз основа на семејно насилство.***

---

## Што може да се направи?

**Интервенции во рамки на политиките**

**Цели** што се однесуваат на намалување на убиствата како последица на семејно насилство и фемицид со огнено оружје од страна на интимен партнер се дефинирани во ревидираната Стратегија.

- Активности:
- Направете анализа на семејни насилства и убиства од страна на интимен партнер, идентификувајте ги трендовите во користењето огнено оружје, утврдете ги пропустите во институционалното дејствување;
- Изработете препораки за промени во политиките и законите;
- Организирајте обуки за семејно насилство за полициски службеници кои издаваат дозволи за огнено оружје;
- Осмислете кампањи за подигнување на свеста за ризиците од злоупотреба на огнено оружје во семеен контекст.

**Законодавни дејствија:**

- Прегледајте го процесот на одобрување дозволи од аспект на семејното насилство;
- Идентификувајте предлози за дополнување на прописите и деловниците и дефинирајте ги построго постапките за издавање дозволи од аспект на семејното насилство и известувањата до сопружниците;
- Изградете и усвојте постапки за построги проверки на минатото на барателите;
- Обучете ги за семејно насилство полициските службеници кои ги спроведуваат безбедносните проверки;
- Дефинирајте и усвојте постапки за забрана за пристап до огнено оружје на лица на кои им е издадена забрана за приближување.

ПРИМЕР 2 ***Младите мажи сочинуваат мнозинство меѓу сторителите и жртвите во инциденти со огнено оружје.***

## Што можеме да направиме?

**Интервенции во рамки на политиките**

Цели во врска со намалувањето на бројот млади мажи што се вмешани во инциденти со огнено оружје

- Спроведете студија за инциденти со огнено оружје во кои се вмешани млади мажи и идентификувајте ги специфичните фактори на ризик;
- Соберете примери од програми што имаат за цел намалување на насилството поврзано со користењето огнено оружје меѓу млади мажи;
- Направете анализа на медиумското претставување на огненото оружје и ефектот од него врз младите мажи;
- Подгответе и започнете кампања за ризиците од злоупотребата на огнено оружје со фокус врз младите мажи;
- Изработете предлог политика за справување со ова прашање;
- Пилот програми за превенција, наменети за млади мажи.

**Законодавни дејствија:**

Подигнете ја старосната граница за издавање дозвола за огнено оружје.

# ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ:

- Да се поведе дискусија за овие модели на средбите на Комисијата за МЛО;
- Задолжително да се консултураат експертите за родова перспектива, затоа што нивното учество е од клучна важност за идентификувањето на проблемите;
- Да се консултираат постојните анализи и извештаи.
- Да се дефинираат активностите и тие да се интегрираат во акцискиот план;
- Да се обезбеди буџет за негова реализација.

# **ЧЕКОР 5:** СЛЕДЕТЕ ГО ПРОЦЕСОТ – МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Целта на политиките за контрола на МЛО е да се зголеми општата безбедност на граѓаните преку планирање и спроведување различни мерки за спречување на ширењето и злоупотребата на МЛО. Мониторингот и евалуацијата мора да дадат потврдена евиденција дека се работи на родово-одговорни ризици за жените, мажите, девојчињата и момчињата и дека сите тие подеднакво имаат корист од постојните мерки. Мониторингот на планот треба целосно да го опфати спроведувањето на мерките воспоставени за решавање на идентификуваните родови проблеми.

Има неколку важни моменти кај родово одговорниот мониторинг и евалуација:

**1. Погрижете се сите индикатори што се однесуваат на поединци да бидат расчленети според род.**

> На пример, наместо:
> Бројот учесници на обука за меѓународни стандарди за мало оружје,
> индикаторот треба да биде:
> Бројот машки и женски учесници на обука за меѓународни стандарди за мало оружје.

Ова овозможува следење на степенот до кој се исполнува обврската за обезбедување избалансирано учество на жени и мажи. Ако индикаторите покажуваат дека не е така може да се преземат дополнителни активности какви што се опфаќањето повеќе жени или истражувањето на факторите што го попречуваат учеството на жени.

Мониторингот овозможува подобра реализација на активностите.

## 2. Погрижете се да се спроведуваат специфичните активности поврзани со родовата еднаквост планирани во претходниот чекор.

> На пример, ако планираната активност е:
> Разработка и усвојување постапки за построги проверки на минатото на барателите,
> индикаторот може да биде:
> Усвоени постапки за построги проверки на минатото на барателите, вклучително длабинска проверка.

или

> Ако активноста е:
> Кампања за ризиците од злоупотреба на огненото оружје со фокус врз млади мажи,
> индикаторот може да биде:
> Реализирана кампања за ризиците од злоупотреба на огненото оружје со фокус врз млади мажи.

Како што беше понапред речено, во повеќето акциски планови се дадени само индикаторите за резултатите. Тие се важни затоа што обезбедуваат доказ дека активностите се реализираат. Во случај на родово одговорните активности тие покажуваат дека преземените обврски се исполнети.

## 3. Погрижете се да има родово одговорни индикатори за исходите

При евалуацијата на перспективата, од суштинска важност е да се види дали е постигната крајната цел – зголемување на безбедноста на сите граѓани - жени и мажи, девојчиња и момчиња. Мерењето на ова е сложена задача за која се потребни повеќе индикатори кои мора да се родово расчленети за да се потврди дека се опфатени потребите и на жените и на мажите, и да се дадат јасни препораки за идни дејствија. Уште еднаш, доколку се обезбеди родова експертиза при планирањето на евалуацијата тоа ќе го олесни доловувањето на овие ефекти.

ПРИМЕР

Родово одговорните индикатори со кои се мери дали била зголемена безбедноста на жените и на мажите треба да вклучуваат:
Бројот жени и мажи што се жртви на инциденти со огнено оружје;
Бројот жени и мажи што се жртви на насилство од интимен партнер извршено со огнено оружје;
Бројот инциденти со огнено оружје што ги извршиле млади мажи.
Наодите од мониторингот и евалуацијата мора да даваат јасни препораки за тоа како да се зголеми родовата сензитивност на контролните активности за МЛО. Тие мора да посочуваат што било правилно направено, но и што мора да биде подобрено. И на крај, заклучоците од евалуацијата треба да се продискутираат со другите засегнати страни за да се дадат информации што се потребни за новиот циклус на политики.

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ:

- Во планирањето на мониторингот и евалуацијата да се вклучат засегнатите страни кои поседуваат родова стручност;
- Да се создадат родово расчленети идникатори и да се постават специфични индикатори за следење на реализацијата на родово одговорните активности;
- Да се осигури дека индикаторите за евалуацијата ги доловуваат ефектите и кај жените и кај мажите;
- Да се презентира евалуацијата и да се дискутира за наодите со другите засегнати страни;
- Врз основа на сево ова, да се почне нов циклус на политики!

## Користена литература


**Abt, Thomas and Winship, Christopher**. 2016. *What Works in Reducing Community Violence: A Meta-Review and Field Study for the Northern Triangle*. Washington, DC: United States Agency for International Development.
https://www.usaid.gov/sites/default/files/USAID-2016-What-Works-in-Reducing-Community-Violence-Final-Report.pdf

**Bevan, James and Nicholas Florian**. 2006. *'Few options but the gun: Angry young men'*. In Small Arms Survey 2006: Unfinished Business. Geneva: Small Arms Survey. http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/A-Yearbook/2006/en/Small-Arms-Survey-2006-Chapter-12-EN.pdf

**JämStöd.** 2007. *Gender Mainstreaming Manual. A Book of Practical Methods from the Swedish Gender Mainstreaming Support Committee*. Stockholm: Swedish Government Official Reports.
http://www.includegender.org/wp-ontent/uploads/2014/02/gender_mainstreaming_manual.pdf"

**SAS (Small Arms Survey)**. 2014. *Women and Gun Ownership.* Geneva: Small Arms Survey.
http://www.smallarmssurvey.org/fileadmin/docs/H-Research_Notes/SAS-Research-Note-45.pdf

**Schroeder, Emily, Vanessa Farr and Albrecht Schnabe**l. 2005. *Gender Awareness in Research on Small Arms and Light Weapons:*

**SEESAC. 2006a.** *The Rifle has the Devil Inside – Gun Culture in South Eastern Europe*. Belgrade: SEESAC.
http://www.seesac.org/f/tmp/files/publication/386.pdf

**UNDP** (United Nations Development Programme). 2008. *How to Guide. Small Arms and Light Weapons Legislation*. Geneva: Bureau for Crisis Prevention & Recovery, UNDP.
http://www.poa-iss.org/CASAUpload/Members/Documents/9@SALWGuide_Legislation.pdf"

**UNPD. 2008a**. *How to Guide. The Establishment and Functioning of National Small Arms and Light Weapons Commissions*. Geneva: Bureau for Crisis Prevention & Recovery, UNDP.
http://www.poa-iss.org/CASAUpload/Members/Documents/9@UNDP%20SALW%20Commissions.pdf"

CIP - Каталогизација у публикацији
Библиотека Матице српске, Нови Сад

623.44:34:[305-055.2(4-12)(036)

**БОЖАНИЋ, Драган**

Практичен инструмент за интеграција на родовата перспектива во регулативата и политиките за контрола на мало и лесно оружје / [Драган Божанић]. - Белград : Програмата за развој на Обединетите нации, 2016 (Белград : Графолик). - 26 стр. : граф. прикази ; 30 cm

Тираж 100. - Библиографија.

ISBN 978-86-7728-246-2

а) Ватрено оружје - Законодавство - Родна перспектива - Југоисточна Европа - Водичи
COBISS.SR-ID 310159879